# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

**1978.**

Врз основа на член 27 ставови (4 ) и (6) од законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22 и 236/22), министерот за здравство утврди,

## П Р О Т О К О Л
## ПАТЕКА ЗА УПАТУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ ЗА ПРЕГЛЕДИ НА ДОЈКА СО ЦЕЛ РАНО ОТКРИВАЊЕ НА РАК НА ДОЈКА, СЛЕДЕЊЕ И КОНТРОЛА НА ЖЕНИ ПО ОПЕРАТИВЕН И / ИЛИ ОНКОЛОШКИ ТРЕТМАН НА РАК НА ДОЈКА

### Вовед

Со цел правилно и навремено упатување и поделба на навидум здрави жени и жени со клиничка слика за тумор или рак на дојка се воведуваат промени во начинот на упатување на жената и тоа жени со клинички симптоми, жени без симптоми и жени кои се оперирани или третирани за рак на дојка.

Овие промени ќе го поедностават патот на жената од потреба за преглед со дијагноза но и ќе овозможат на матичните лекари соодветно да го користат упатувањето во електронскиот систем - МОЈ ТЕРМИН.

### Општи насоки за матичниот лекар

- матичен лекар упатува пациенти кон кабинет за дојка во најблиската здравствена установа во однос на место на живеење на жената
- матичен лекар упатува согласно насоки кои се однесуваат на клиничката слика, позитивна семејна анамнеза
- матичен лекар упатува со точна упатна дијагноза согласно дадените насоки
- матичниот лекар треба да дава информации во однос на придобивките од рана детекција и месечен самопреглед
- матичните лекари треба да имаат достапни информации за последна мамографија и ехо, за позитивна семејна анамнеза и за т.н густа дојка за секоја жена.

### Насоки за следење/упатување на жените

Група жени со клинички симптоми – жена со симптоми

### Упатување

Упатува матичен лекар до кабинет за дојка (во најблиската установа) со упатна дијагноза n60 со специјалистички упат. при упатувањето матичниот лекар ги зема во предвид и одговара на следните прашања:

1. симптоми:

- грутка; л/д
- унилатерален хеморагичен/серозен секрет од дојка; л/д
- ретракција на кожа или мамила; л/д
- промена на боја и структура на кожата/оток л/д (л/д -лево/десно)

2. дали сте правеле мамографија до сега? да/не

ако да, се наведува датум на последна мамографија

3. дали некој член во вашето семејство има рак на дојка? да/не

ако да, се наведува сродство

кога е наведен најмалку еден симптом се дозволува упатување кон кабинет за дојка во најблиската установа во точно определен термин.

### Преглед во кабинет за дојка

прегледите во кабинет за дојка се состојат од мамографија, ехо на дојка, биопсија, магнет на дојка и галактографија. радиологот од установата каде е во функција кабинетот за дојка определува какви прегледи ќе направи согласно патеката за прегледи на симптоматски жени. прегледите треба да се спроведат веднаш, со исклучок на тие прегледи кои бараат подолго времетраење од предвиденото и кои треба да се закажат одложено. термините во кабинетите за дојка се со времетраење од 45 минути. по завршениот преглед жената треба да добие извештаи за направените прегледи на дијагностичките апарати и насоки (по потреба и упати) за натамошно следење/третирање.

кабинетите за дојка може да бидат:

- општ кабинет за дојка – ги спроведува следните дијагностики: мамографија и ехо на дојка
- специјализиран кабинет за дојка – ги спроведува следните дијагностики: мамографија, ехо на дојка, биопсија, магнет на дојка, галактографија, бележење на дојка

сите кабинети кои немаат апарати и услови за спроведување на одредена дијагностика, издаваат упати кон кабинетите за дојка во установите каде се изведува дијагностиката, односно во специјализиран кабинет за дојка. при издавањето на упатот радиологот наведува негово мислење за потребата од дополнителен преглед. радиологот од кабинетот каде што е упатена жената одредува каков преглед ќе биде извршен, а согласно патеката за преглед на жени со клинички симптоми.

Група жени без клинички симптоми – жена без симптоми

Жена без симптоми од возрасна група 45-69 години како и возрасна група 40-44 години со позитивна семејна анамнеза се прегледува преку скрининг програма. за жена без симптоми надвор од оваа возраст се следат насоките за спроведување на прегледите на дојка дадени подолу во овој документ.

### Упатување

За преглед во скрининг програма жената се пријавува на страницата за таа намена или добива покана, при што одговара на следните прашања:

1. дали сте правеле мамографија последните две години? да/не

ако да, се наведува датум на последна мамографија и се добива порака дека може да се пријави по завршување на 2 години од последниот преглед. ако не – оди на следно прашање

2. дали сте оперирана од карцином на дојка? да/не

ако да, се наведува датум/година на операција и се добива порака дека прегледот треба да го закаже преку својот матичен лекар. ако не влегува во листа на чекање за скрининг и оди на следно прашање

3. дали некој член во вашето семејство има рак на дојка? да/не

ако да, се наведува сродство. жените со позитивна семејна анамнеза се означуваат посебно, со цел да добијат термин за скрининг во пократок период

4. дали имате импланти на дојка? да/не

ако да, се добива порака дека прегледот треба да го закаже преку својот матичен лекар. ако не влегува во листа на чекање за скрининг.

Жените што се закажани во скрининг програмата добиваат информација за терминот за преглед преку смс порака на телефонот за контакт кој го оставиле при пријавувањето. пријавувањето може да го направи и матичниот лекар на жената. матичните лекари ито така добиваат информации за закажаниот преглед и имаат увид во листата на скрининг прегледи за своите пациентки.

**Преглед во скрининг програмата**

Прегледите во скрининг програмата се спроведуваат согласно насоките дадени во програмата за рано откривање на малигни заболувања на министерството за здравство. во скрининг програмата прегледите се вршат со дијагностика мамографија. упатната дијагноза која се внесува е z12.3 - специјален скрининг преглед за неоплазма на дојка. доколку е утврдена потреба од натамошни испитувања радиологот од скрининг програмата издава упати за натамошни прегледи (ултразвук, биопсија, патологија, магнетна резонанца, торакален хирург) преку посебно одделение за скрининг на дојка, а согласно насоките во програмата.

Група жени кои се оперирани или примале терапија за карцином на дојка– жени кои се оперирани/третирани онколошки

Прегледите на жени кои се оперирани или примале онколошка терапија се закажуваат во кабинет за дојка, во посебни термини за таа намена. упат за преглед може да издадат хирургот, онкологот или матичниот лекар, согласно препорака во извештајот на специјалист онколог или торакален хирург. видот на преглед го одредува радиологот кој работи во кабинет за дојка, а согласно насоките за спроведување на прегледите за дојка дадени во овој документ и наведена причина за прегледот, односно дали се работи за редовна контрола или симптоми.

**Упатување**

Упатува матичен лекар до кабинет за дојка (во најблиската установа) со упатна дијагноза c50 или дијагнозите c77, c78, c79 (за жена со метастатска болест). упатната дијагноза c50 да се користи до завршување на оперативен и/ или онколошки третман.

По завршен оперативен и / или онколошки третман, за контрола и следење на состојбата на жената да се користи упатна дијагноза z08.0 (од z08.0 до z.08.9) - преглед за следење по лекување на малигна неоплазма.

За жени со симптоматологија да се користи соодветна упатна дијагноза согласно симптомите.

При упатувањето матичниот лекар ги зема во предвид и одговара на следните прашања:

1. причина за прегледот:
- редовна контрола
- симптоми (да се наведат)
2. Каков третман е направен:
- хируршки (се внесува точен или приближен датум на операција)
- онколошки (се внесува точен или приближен датум на почеток на третманот)

насоки за спроведување на прегледите на дојка

1. Жени со симптоми помлади од 39 г
- метод: иницијално ехо на дојка и по проценка на радиолог и дополнителни дијагностички прегледи
- патека: упат од матичен лекар за кабинет за дојка (со урнек „жени со симптоми“)
- упатна дијагноза: n60
2. Жени со симптоми од 40-69 г
- метод: мамографија
- патека: упат од матичен лекар за кабинет за дојка (со урнек „жени со симптоми“) и проценка на радиолог за потреба од дополнителни прегледи
- упатна дијагноза: n60
3. Жени со симптоми над 70 г
- метод: мамографија
- патека: упат од матичен лекар за кабинет за дојка (со урнек „жени со симптоми“) и проценка на радиолог за потреба од дополнителни прегледи
- упатна дијагноза: n60
4. Жени без симптоми помлади од 30 г без семејна анамнеза
- метод: месечен самопреглед
5. Жени без симптоми 30 – 45 г без семејна анамнеза
- метод: препорака за ехо и проценка на радиолог за потреба од дополнителни прегледи
- патека: упат од матичен лекар за кабинет за дојка во установите кои не спроведуваат скрининг (со урнек „ жена без симптоми “)
- упатна дијагноза: z01
6. Жени без симптоми од 30-39 г со семејна анамнеза
- метод: препорака за ехо и проценка на радиолог за потреба од дополнителни прегледи
- патека: упат од матичен лекар за кабинет за дојка во установите кои не спроведуваат скрининг (со урнек „ жена без симптоми “)
- упатна дијагноза: z12.3
7. Жени без симптоми од 40 – 44 г со семејна анамнеза (скрининг)
- метод: мамографија на 2г и по потреба дополнителни иследувања
- дополнителен преглед кај би-радс 0 и би-радс 4: маса: инцијално ехо преглед, следи биопсија микрокалцификати: екстирпација со бележење/стереотактична биопсија

густа дојка: ехо преглед веднаш по скрининг мамографија

семејна анамнеза: скрининг мамографија од 40 г.
- патека: скрининг со интервал од 2 г
- упатна дијагноза: z12.3
8. Жени без симптоми од 45 – 69 г (скрининг)
- метод: мамографија на 2г и по потреба дополнителни иследувања
- дополнителен преглед кај би-радс 0 и би-радс 4: маса: инцијално ехо преглед, следи биопсија микрокалцификати: екстирпација со бележење/ стереотактична биопсија

густа дојка: ехо преглед веднаш по скрининг мамографија

семејна анамнеза: скрининг мамографија од 40 г.
- патека: скрининг со интервал од 2 г.
- упатна дијагноза: z12.3
9. Жени без симптоми постари од 69 г.
- метод: препорака за мамографија со интервал од 2 г.
- патека: упат од матичен лекар за кабинет за дојка во установите кои не спроведуваат скрининг (со урнек „жена без симптоми “)
- упатна дијагноза: z01
10. Оперирани/третирани жени
- метод: мамографија и ехо на дојка со интервал од 1 година
- патека: упат од матичен лекар за кабинет за дојка во посебни термини (со урнек „жени кои се оперирани/третирани“)
- упатна дијагноза: c50

**Посебни категории/групи**

1. Жени со дополнителен ризик за рак на дојка
- карцином мајка/сестра; мутација брка 1/2
- метод: мамографија од 40 г со интервал од 2 г/ доколку мајка/сестра се помлади од 40 г. при дијагностицирање на карцином – 10 г. пред возраста на мајка/сестра
- патека: упат од матичен лекар за кабинет за дојка (со урнек „жена со симптоми“)
- упатна дијагноза: n60
- жени со густа дојка
- метод: мамографија и ехо преглед од 40 г. со интервал од 2 г.
- патека: упат од матичен лекар за кабинет за дојка (со урнек „жена со симптоми“)
- упатна дијагноза: n60
- Жена со густа дојка и со семејна анамнеза
- метод: мр на дојка со интервал од 2 г. /со метални импланти или клаустрофобија – ехо на дојка со интервал од 1 г.

- патека: упат од радиолог (со урнек „жена со симптоми“)
- упатна дијагноза: n60

2. Бремени жени и доилки со симптоми
- метод: иницијално ехо на дојка и по проценка од радиолог дополнителни дијагностички прегледи
- патека: упат од матичен лекар за кабинет за дојка (со урнек „жена со симптоми“)
- упатна дијагноза: n60

3. Жена со импланти
- метод: мр на дојка
- патека: упат од матичен лекар до специјализиран кабинет за дојка (со урнек „жена со импланти“)
- упатна дијагноза: n60

4. Мажи со симптоми за промена на дојка
метод: иницијално ехо на дојка и по проценка од радиолог дополнителни дијагностички прегледи (мамографија, биопсија)
- патека: упат од матичен лекар до кабинет за дојка (со урнек „мажи со симптоми“)
- упатна дијагноза: n62

**Индикации за дијагностички прегледи на дојка**

1. Аспирациона биопсија
- промена со карактеристики на циста или фиброаденом

Упатот може да го издаде онколог, торакален хирург до специјализиран кабинет за дојка или радиолог од кабинет за дојка директно за дијагностиката

2. Кор биопсија
- солидна маса суспектна за фиброденом или карцином

Упатот може да го издаде онколог, торакален хирург до специјализиран кабинет за дојка или радиолог од кабинет за дојка директно за дијагностиката

3. Галактографија
- унилатерален хеморагичен или серозен секрет

упатот може да го издаде онколог, торакален хирург или радиолог од општ кабинет за дојка до специјализиран кабинет за дојка или радиолог од специјализиран кабинет за дојка директно за дијагностиката, со претходно направена микробиолошка и цитолошка анализа и при спонтан секрет.

4. Магнетна резонанца
- жени со дополнителен ризик фактор;
- исклучување на мултифокалност/билатералност;
- следење на онколошка терапија

упатот може да го издаде онколог или радиолог од општ кабинет за дојка до специјализиран кабинет за дојка или радиолог од специјализиран кабинет за дојка директно за дијагностиката

5. Ехо на дојка
- палпабилна маса; по операција/онколошки третман со интервал од 6-12 месеци; жени со дополнителен ризик со интервал од 1 година.

упатот може да го издаде матичен лекар, матичен гинеколог, радиолог од кабинет за дојка кон својата установа, онколог и торакален хирург

6. Мамографија
- симптоматска жена/дополнителен ризик/скрининг мамографија

упатот може да го издаде матичен лекар, матичен гинеколог, радиолог од кабинет за дојка кон својата установа, онколог и торакален хирург или преку пријавување во програмата за скрининг

7. Бележење на дојка
- суспектни микрокалцификати

се упатува со сервисен упат од хируршко одделение од торакална хирургија.

**Издавање на упати за преглед на дојка**

1. Матичен лекар

матичен лекар издава упат кон кабинет на дојка кој се наоѓа во установите од секундарно и терциерно ниво. упатите ги издава со претходно пополнет краток прашалник согласно патеката за упатување (симптоматска, асимптоматска, оперирана/третирана, симтоматски мажи).

2. Радиолог

радиологот кој работи во кабинет за дојка издава упати за сите потребни прегледи за дијагностиките од својата установа, согласно направен првичен преглед во кабинетот. радиолог може да издава упат до специјализиран кабинет за дојка доколку дијагностиката која смета дека е потребно да се направи не се врши во неговата установа. радиологот може да издаде упат за:
- ехо на дојка
- мамографија
- магнетна резонанца на дојка
- биопсија на дојка
- галактографија на дојка
- бележење на микрокалцификати/карцином
- градна хирургија.

3. Торакален или општ хирург

хирургот издава упат пред и по оперативен третман, кон кабинет за дојка, во посебни термини за таа намена, со упатна дијагноза c50. за жените кои се оперирани, упат може да издаде и матичен лекар доколку во извештајот од хирургот е внесена таква препорака.

4. Онколог

онколог издава упат пред и по онколошки третман, кон кабинет за дојка, во посебни термини за таа намена, со упатна дијагноза c50. за жените кои се третирани, упат може да издаде и матичен лекар доколку во извештајот од онкологот е внесена таква препорака. во случај кога лекувањето е завршено, карциномот отстранет и завршена онколошка терапија (хируршки/онколошки третман е завршен). доколку се упатуваат жените на контрола и следење на состојбата да се користат упатните дијагнози z08.0 до z08.9.

**Закажување на преглед согласно временската димензија**

1. Клинички знаци за карцином/бенигна промена (палпабилна маса; унилатерален секрет; ретракција на кожа или мамила; оток или црвенило) – најдоцна за две до три недели од направен преглед
2. Жена без симтоми - во рок од 12 месеци од направен преглед/пријавување
3. Жена без симптоми во долполнителен ризик - во рок од 6 месеци
4. Пред/по операција – по потреба
5. Пред/по онколошки третман – по потреба

**Дефинирани дејности за спроведување на прегледи**

Специјалистичка дејност за вршење на дијагностички прегледи на дојка:
- ехо на дојка - радиологија
- интерпретација на мамографија - радиологија
- аспирациона биопсија - радиологија
- кор биопсија - радиологија
- интрепретација на мр на дојка - радиологија
- оперативен третман - торакална хирургија или општа хирургија (во установи каде нема торакален хирург)
- онколошки третман - радиотерапија и онкологија

**Урнеци за упатување**

1. Урнек: жена со симптоми

податоци кои треба да ги пополни матичниот лекар во упатот за жена со симптоми со цел правилно упатување:

1. Симптоми:

- грутка;
- унилатерален хеморагичен/серозен секрет од дојка;
- ретракција на кожа или мамила;
- промена на боја и структура на кожата/оток).

во упатот се наведуваат сите симптомите и на која дојка (лево/десно)

ако најмалку еден од симптомите е присутен – се упатува кон кабинет за дојка

2. Дали сте правеле мамографија до сега?

ако одговорот е да во упатот се наведува датумот на последна мамографија

3. Дали некој член во вашето семејство има рак на дојка?

ако одговорот е да во упатот се наведува сродство.

2. Урнек: жена без симптоми

прашања кои треба да ги наведе лекарот во упатот за жена без симптоми, со цел правилно упатување:

1. Причина за прегледот

2. Дали некој член во вашето семејство има рак на дојка?

ако одговорот е да во упатот се наведува сродство.

3. За жена во скрининг се пополнува дефиниран прашалник

3. урнек: жена со импланти

податоци кои треба да ги пополни матичниот лекар во упатот за жена со импланти со цел правилно упатување:

1. Причина за поставување на имплантот (естетски/здравствени причини)

2. Клинички симтоми

- промена на форма на дојка,
- контрола на спроведување на хемотерапија или
- позитивна клиничка слика (ако е од здравствени причини). во упатот се наведуваат симптомите и на која дојка (лево/десно)

4. Урнек: жени кои се оперирани/третирани

податоци кои треба да ги пополни матичниот лекар во упатот за жена која е оперирана или третирана онколошки со цел правилно упатување:

3. Причина за прегледот:

- редовна контрола
- симптоми (да се наведат)

4. Каков третман е направен:

- хируршки (се внесува точен или приближен датум на операција)
- онколошки (се внесува точен или приближен датум на почеток на третманот)

4. Урнек: мажи со симптоми

податоци кои треба да ги пополни матичниот лекар во упатот за маж со симптоми со цел правилно упатување:

1. Симптоми:

- грутка л/д
- секрет л/д
- ретракција на кожа л/д
- оток или промена на боја на дојка л/д
- болка л/д
- терапија за друго заболување да/не и да се наведе вид на терапија

Патеката тековно ќе се менува и подобрува согласно светските насоки и насоките на националната комисија за рано откривање на малигна неоплазма на дојка.

Бр. 22-4747/2
22 мај 2023 година
Скопје

Министер за здравство,
д-р **Fatmir Mexhiti,** с.р.

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1979.**

По извршеното срамнување со изворниот текст, по укажување од носителот, се утврди дека во лиценцата издадена со Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ "ВАБО СОЛАР" („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 86/23) издадена на Друштвото за производство, трговија, транспорт и услуги ВАБО експорт-импорт ДООЕЛ Штип, е направена техничка грешка поради што се дава

**И С П Р А В К А**
**НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

Точката 1 од Одлуката се менува и гласи:

"На Друштвото за производство, трговија, транспорт и услуги ВАБО експорт-импорт ДОО Штип се издава лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ "ВАБО СОЛАР 3".

Во Прилогот, точката 1 се менува и гласи:

"1. Назив и седиште на носителот на лиценцата:

"Друштво за производство, трговија, транспорт и услуги ВАБО експорт-импорт ДОО Штип, со седиште на ул. Гоце Делчев бр.34 Штип, Република Северна Македонија."

Точката 6 се менува и гласи:

"6. Единствен матичен број: 4972007"

Точката 7 се менува и гласи:

"7. Единствен даночен број: 4029995102237"

Во точката 8 и во точката 16, потточка а) зборовите "ВАБО СОЛАР" се заменуваат со зборовите "ВАБО СОЛАР 3".

УП1 Бр. 12-125/23
15 мај 2023 година
Скопје

Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија,
Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

---

Pas harmonizimit me tekstin burimor, me sinjalizim nga bartësi, u përcaktua se në Vendimin për Dhënien e Licencës për Kryerjen e Veprimtarisë Energjetike Prodhim të Energjisë Elektrike nga centrali elektrik diellor CED "VABO SOLAR" („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 86/23) të dhënë për Shoqërinë e Prodhimit, të Tregtisë, të Transportit dhe të Shërbimeve VABO eksport-import SHPKNJP Shtip, është bërë gabim teknik dhe për këtë jepet

**P Ë R M I R Ë S I M**
**I LICENCËS PËR KRYERJEN E VEPRIMTARISË ENERGJETIKE TË PRODHIMIT TË ENERGJISË ELEKTRIKE**

Pika 1 e vendimit ndryshohet si në vijim:

"Shoqërisë së Prodhimit, të Tregtisë, të Transportit dhe të Shërbimeve VABO eksport-import SHPK Shtip, i jepet licencë për kryerjen e veprimtarisë energjetike të prodhimit të energjisë elektrike nga centrali elektrik diellor CED "VABO SOLAR 3".

Në Shtojcë, pika 1 ndryshohet si vijon:

"1. Emri dhe selia e bartësit të licencës: